Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 61, 1 јуни 2011 година

јуни 2011 година
Штип

## СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за научната дисциплина транспорт, шпедиција и осигурување на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за областа сметководство и финансии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 18

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 30

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област музичка теорија и педагогија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 37

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област музикологија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 42

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област менаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 50

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за областа машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 61

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармацевтска анализа на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 64

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1702-77/3 од 12.4.2011 година донесена на Наставно- научен совет на Економски факултет, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област економски науки и менаџмент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм”, на 4.4.2011 година, и во предвидениот рок се пријавија кандидатите:

1. м-р Дарко Димитров, магистер по економски науки, област монетарна економија;
2. м-р Дори Павловска-Ѓорѓиевска, магистер по деловна администрација, Sheffield University;
3. Цветанка Ивановска, дипломиран јавен администратор;
4. м-р Мимоза Серафимова, магистер по образовен менаџмент, Струмица;
5. м-р Тања Митева, магистер на економски науки од областа на монетарната економија;
6. м-р Предраг Гаврилов, магистер по меѓународен бизнис, невработен, Кочани;
7. м-р Александар Тошев, магистер по здравствен менаџмент, ангажиран како волонтер на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев”;
8. м-р Елена Николова, магистер на економски науки, област МБА- менаџмент.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 125 од Законот за високото образование и чл. 6, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, ние како Рецензентска комисија, врз основа на приложената документација и познавање на кандидатите, на наставно-научниот совет на Економскиот факултет му го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

1. Кандидатот **м-р Дарко Димитров** е роден на 5 декември 1978 година во Кочани и е државјанин на Република Македонија. Дипломира на 3 април 2002 година на Економски факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј” - Скопје, на отсекот Деловна (бизнис) економија, насока Финансиско-сметководствен менаџмент, со што се стекнува со стручен назив **дипломиран економист.** На 16 ноември 2007 година се запишува на втор циклус студии на Економски факултет - Универзитет „Свети Кирил и Методиј” во Скопје. По положувањето на пропишаните испити со средна оценка на успех 9,89, на 14 декември 2009 година го брани магистерскиот труд и се стекнува со академски степен **магистер по економски науки од областа на монетарната економија**.

Согласно со приложената документација, кандидатот м-р Дарко Димитров посетува обуки и тренинзи, и тоа:

– во март 2010 година „Регионално брендирање” (во организација на InWent, Република Германија);
– во три наврати во тек на 2009 година „Управување со проектен циклус” (во организација на GTZ Програмата за регионален економски развој во Република Македонија);
– во повеќе наврати во тек на 2006 и 2007 година „Креирање и работа на училишна компанија” (во организација на: USAID Програма за активности во средното образование и Биро за развој на образованието на Република Македонија).

Поврзано со работното искуство, од 2004 до 2008 година е наставник по економски предмети во средното општинско училиште „Љупчо Сантов” и изведува настава по: Економија, Финансиско работење, Сметководство, Маркетинг, Статистика и др.

Од јануари 2009 до јуни 2010 година е ангажиран како координатор за регионален развој во Центарот за развој на Источен плански регион, каде работи на изработка на проектни апликации по објавени конкурси од домашни и меѓународни донатори, подготвување на проектна апликација од Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (компонента 2 – прекугранична соработка), изработка на развојни акциони планови и програми и др.

Според приложеното, кандидатот м-р Дарко Димитров одлично чита, пишува и зборува англиски јазик, за што приложува и свидетелство за положени испити по англиски јазик (Англиски јазик за економисти I и Англиски јазик за економисти II, со оценка 10) на Економски факултет. Од компјутерските способности наведува дека владее со Microsoft Office (Word, Excel, Power Point) и Internet.

Од социјалните вештини и компетенции, наведува дека поседува комуникативност, подготвеност за тимска работа, отвореност кон предизвици, етичност и посветеност на работата.

2. Кандидатката **м-р Дори Павлоска-Ѓорѓиеска** е родена на 28 јануари 1977 година во Крушево и е државјанин на Република Македонија. Поврзано со образованието, кандидатката дипломира Summa Cum Laude на 7 мај 2000 година на Davis and Elkins College (Elkins, West Virginia, USA) и согласно со Одлуката на Министерството за образование и наука (број 19-6596/2000 од 11.9.2001) се стекнува со називот дипломиран економист, насока Економија. Своето образование го продолжува во Република Грција на Универзитетот Шефилд во Солун, каде магистрира на 26 јули 2004 година и согласно со Одлуката на Министерството за образование и наука (бр. 09 – 5631/2 од 19.7.2007) се стекнува со академски степен **магистер по бизнис администрација**. Во март 2009 година се запишува на докторски студии на Европски универзитет – Република Македонија, а нејзината докторска дисертација е со наслов „Инвестициите на странските донатори во земјоделскиот сектор во Република Македонија".

Во периодот меѓу 2001 и 2008 година, кандидатката м-р Дори Павлоска – Ѓорѓиеска реализира повеќе студиски патувања од кои би ги издвоиле:

- Институциите на ЕУ и капацитетот на земјоделските организации во Македонија во ЕУ интеграциските процеси (Белгија, 15-21 мај 2008);
- Улогата на Секретаријатот и избраните земјоделски претставници во Федерацијата на шведски фармери (Шведска, 8-15 септември 2007);
- Полското искуство во искористувањето на претпристапните фондови на ЕУ (Полска, 2-9 јули 2007);
- Шведски начин на организирање на фармерите (Шведска, 19-23 март 2007);
- Споделување на искуства на НВО и новинарите како значајни учесници во ЕУ интеграцискиот процес на Чешката Република (Чешка, 3-8 декември 2006).

Од обуките кои ги има реализирано треба да се наведат следниве:

- Менаџмент базиран на резултати (работилница, Македонија, 9-10 јуни 2010);
- Управување со јавна политика (обука, Македонија, 18 мај 2007);
- Проектен менаџмент (обука, Македонија, 13-15 април 2007);
- Планирање и развивање на комуникациска стратегија (обука, Македонија, 12-14 декември 2006);
- Анализа на политика, ЕУ институции и лобирање (обука, Македонија, 26-28 октомври 2006);
- Обука за менаџери за извоз (Македонија, 26-28 јуни 2006);
- Обука за комуникација со медиуми (Македонија, февруари 2004);
- Обука во маркетинг вештини за консултанти (Македонија, 28 февруари – 1 март 2002);
- Обука во оценка на инвестиција (Македонија, мај 2001).

Од нејзиното богато работно искуство, особено заслужува внимание нејзиниот ангажман како:

- тутор, ангажирана од Davis and Elkins College за подучување на студентите по предметите Микроекономија, Пари и банкарство, Стопанска математика и Статистика (септември 1999 – мај 2000);
- специјалист за развој на бизнис, во рамки на Проектот за маркетинг активност на Македонија, финансиран од USAID (јуни 2000 – август 2003);
- советник за конкурентност на Кластерот за туризам на РМ, во рамки на Проектот за конкурентност на Македонија, финансиран од USAID (август 2003 – јануари 2006);
- експерт за економија и инвестиции, во рамки на проектот „Подготовка на Национална стратегија за развој на туризмот 2008-2012”, проект на Владата на РМ, помогнат од UNDP и UNWTO (јули 2007 – септември 2007);
- тренер по деловна стратегија во Бизнис стартап центарот во Косово (мај 2008).
- Во моментов е професор по предметите Меѓународен маркетинг и продажба, Стратешки маркетинг и Преговарање на International Business College Mitrovica во Митровица, Косово.

Кандидатката м-р Дори Павлоска-Ѓорѓиеска е добитник на повеќе признанија и награди:

- Награда за академски достигнувања од Одделот за администрација и економија на Davis and Elkins College (1999 – 2000);
- Академска награда од Одделот за бизнис администрација и економија на Davis and Elkins College (1999 – 2000);
- Прва награда од Инвестициониот клуб на Davis and Elkins College (1999 – 2000);
- Награда „Листа на деканот”, Davis and Elkins College (1999 – 2000).

Добитник е на стипендија за талентирани студенти од Министерството за образование на РМ, како и на Ron Brown Fellowship која ја доделува Амбасадата на САД во Скопје. Исто така, таа е добитник и на школарини од Институт Отворено општество – Македонија и Davis and Elkins College. Во 2000 година е избрана за член на Alpha Chi, Национално здружение за академски почести на колеџите (West Virginia Alpha Chapter, Davis and Elkins College).

Од странските јазици одлично го владее англискиот јазик и јазиците од поранешните југословенски републики, а францускиот и влашкиот јазик – средно. Работи на компјутер и тоа во Word, Excel и Power Point, и користи Internet, Outlook Express и SPSS.

Во документацијата која ја приложува е и копија од магистерската тема со наслов „Бизнис планирање и евалуација на инвестиција во млекара”. Од приложените документи може да се констатира дека е автор на трудот „Претприемништвото и развој на малите стопанства – студија на случај”, објавен во Зборник на трудови на Европски универзитет (2008), а во списанието на Здружението на приватните производители на месни и млечни производи во Македонија ги има објавено следниве трудови:

- Профитабилност на производството на јогурт од 1 литар во пластично шише (во број 19);
- Пресметка на цената на чинење на килограм јагнешко месо во Македонија (во број 20);
- Профитабилност на производството на гауда сирење (во број 21);
- Профитабилност на производството на УХТ млеко (во број 5).

3. Кандидатката **Цветанка Ивановска** е родена на 22 јули 1984 година во Штип и е државјанин на Република Македонија. На 29 септември 2007 година дипломира на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи (Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола), на студиската програма Јавна администрација, со средна оценка на успехот 7,33, со што се стекнува со стручен назив дипломиран јавен администратор. На 28 декември 2007 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи, Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола (според приложените документи положила осум испити).

Од 10 до 28 јули 2006 година го посетувала и успешно го завршува курсот Introduction to Public Administration (Вовед во јавна администрација), во рамки на International Summer University Macedonia (Меѓународен летен универзитет Македонија), со оценка С (добар).

Согласно со наведеното во биографијата, во тек на август и септември 2008 година посетува курсеви по информатика (организатор е Владата на Република Македонија), а од октомври до декември 2010 година обуки за вештини за вработување, во организација на Младински образовен форум.

Во периодот од 9 јули 2006 до 28 јули 2006 година кандидатката зема учество на семинарот организиран од страна на Isum во Тетово и се претставува со научниот труд Introduction to public administration.

Од март до август 2008 година, кандидатката Цветанка Ивановска работи како рецепционерка во хотел „Епинал" во Битола, а во 2002 и 2003 година е ангажирана како координатор во невладина организација.

Поврзано со познавањето на странски јазици, во биографијата наведува дека има просечно познавање на англиски и на германски јазик. Од компјутерски вештини, кандидатката Цветанка Ивановска приложува диплома за завршен основен курс по компјутери (Windows, Office, Internet).

4. Кандидатката **м-р Мимоза Серафимова** е родена на 24 јануари 1962 год. во Струмица. Дипломира на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2003 година.

Во 2007 година на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола ја одбранува магистерската тема со наслов „Евалвација на трансферот на обуките во образовните институции" и се стекнува со научен степен **магистер по образовен менаџмент.**

Од 1 ноември 2008 год. на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола ја поднесува својата докторска дисертација со наслов „Препознавање и валидација на искуственото знаење на вработените".

Нејзиното работно искуство започнува од 1 октомври 1991 година во ОУ „Видое Подгорец" во Струмица, каде што работи и денес како наставник.

Од странски јазици, наведува дека ги познава англискиот, српкиот и хрватскиот јазик. Исто така ги наведува вештините за познавање на работа со комјутер Microsoft Office (Exel, Word), Power Point.

Кандидатката добива благодарница за истакнат придонес како ментор на наставници – БРО, Струмица.

Во списокот на трудови доставува листа на трудови.

***Список на трудови:***

– Евалвацијата на трансферот на знаењето и подобрувањето на работата на училиштата;
– Стилот на водачот и воспоставување систем на обуки;
– Менторството како неопходен процес во образованието;
– Моделот на интегрална евалвација на училиштата како основа за инспекторирање;
– Комуникацијата и нејзиното значење во воспитно-образовниот процес;
– Значењето на менаџерските планови на наставниците;
– Подготвеноста за промени на државните институции;
– Современото едуцирање на вработените како модел за успешно менаџирање;
– Улогата на интересентите во подобрување на работата на државните институции (статија во наставно - образовно списание).

***Стручни трудови со оргинални научни резултати***

а) Рецензирани трудови

– Евалвација на трансферот на знаењето и подобрувањето на работата на образовните институции, УДК 371.32;
– Пристап на треманот на човечките ресурси во државните институции.

б) Пленарни предавања на научен собир

– Етика и работно воспитување;
– Реафирмација на воспитната компонента во образовните институции.

Објавените трудови не соодветствуваат со научната област која се бара според распишаниот конкурс.

5. Кандидатката **м-р Тања Митева** е родена на 24 јануари 1983 година во Кочани, Република Македонија. Средно образование завршува во ДСУ „Љупчо Сантов" – Кочани во генерацијата 1997-2001 година. Во 2001 година се запишува на Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и дипломира на отсекот Економија во 2006 година.

Во 2006 година ги започнува постдипломските студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Испитите ги завршува со просечен успех од 8,86. Магистрира на 16 декември 2009 со одбрана на магистерскиот труд на тема „Финансиските иновации – нова ера на финансискиот развој" и се стекнува со научен степен **магистер по економски науки од областа на монетарната економија**. Работи како асистент за продажба во Хипермаркет „Рамстор" во Скопје.

Од странски јазици, кандидатката стекнала III степен на владеење на англискиот јазик и II степен на францускиот јазик.

Од компјутерски вештини користи MS Office и Internet Explorer.

6. Кандидатот **м-р Предраг Гаврилов** е роден на 11 април 1977 година во Кочани и е државјанин на Република Македонија. Средно образование завршува во ДСУ „Љупчо Сантов" во Кочани, во генерацијата 1991 - 1995 година. Високо образование завршува на Универзитетот за национално и светско стопанство во Софија, Република Бугарија, Факултет управување и информатика, специјалност маркетинг. Кандидатот приложува нострификација број 09-105/1. Постдипломските студии ги продолжува на Универзитетот Ментрополитен во Лондон, каде што се стекнува со научен степен **магистер по меѓународен бизнис.**

***Стручни трудови:***

- Bulgaria and the challenges of the euro;
- Gazprom in Serbia;
- Sturbucks entry into Singapore market;
- The competitive advantages of Costa Coffee;
- The distinction between the concepts of "Organizational culture" and "National culture" drawing on material from IKEA case study for illustration;
- Презентација Ланд ровер LRX, слајдови;
- Презентација на Светската трговска организација, слајдови.

Објавените трудови не соодветствуваат со научната област која се бара според распишаниот Конкурс.

Работно искуство: од 2006 до 2010 години работи како подисполнител во бизнис и маркетинг проектите на Лондон андерграунд лтд. во 2008 и 2009 год. работи на штандот на БМВ на Лондон авто саемот.

Кандидатот посетувал целосна академска настава на англиски и бугарски јазик. Во прилог има доставено од IELTS сертификат, неопходен за запишување во високообразовните институции во Велика Британија.

Познавање на работа со компјутери: Microsoft Office, Internet, e-mail.

7. Кандидатот **м-р Александар Тошев** е роден на 20 април 1985 година во Кочани. Основно училиште завршува во 2000 година во ОУ „Крсте Петков Мисирков" – нас. Оризари – Кочани. По завршувањето на средното училиште во ДСУ „Љупчо Сантов" - Кочани (економски техничар), во 2004 година своето школување го продолжува на Економскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, каде дипломира во 2008 година, на отсекот Економија, со средна оценка на успехот 9,23. Во 2009 година се запишува на постдипломски студии на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип на насоката Здравствен менаџмент и предвидените испити според наставната програма ги положува со средна оценка на успехот 10.

На 12 април 2011 година на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ја одбранува својата магистерска тема со наслов „Развојната тенденција и корелационата зависност на заразните болести и населението во Република Македонија и опкружувањето и нивното влијание врз економските ефекти на организациите“, при што се здобива со звањето **магистер по здравствен менаџмент**.

Во период од 9 јули 2007 до 9 август 2007 година е практикант во НЛБ Тутунска банка АД Скопје.

Во периодот од 11 јули 2008 до 15 септември 2008 година е волонтер во Министерството за финансии, Трезорска канцеларија - Кочани.

Од октомври 2009 година е волонтер/демонстратор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***Список на трудови***

Во списокот на трудови го доставува магистерскиот труд со наслов „Развојната тенденција и корелационата зависност на заразните болести и населението во Република Македонија и окружувањето и нивното влијание врз економските ефекти на организациите“.

8. Кандидатката **м-р Елена Николова** е родена на 6 октомври 1985 година во Штип, Р. Македонија. Средно образование завршува во гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип, во генерацијата 2000-2004, како најдобар ученик во таа генерација. Во средношколските денови редовно учествува на државни и меѓународни натпревари по математика, физика, македонски, англиски и латински јазик и освојува бројни високи признанија и награди. Во 2004 година се запишува на Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и дипломира на департманот за менаџмент во 2008 година, со просечен успех од 9,84. Во февруари 2009 година ги започнува постдипломските студии по МБА-менаџмент, исто така на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Испитите ги завршува со просечен успех 10. Магистрира на 9 септември 2011 со одбрана на магистерскиот труд на тема „Градење на стратегија на претпријатијата во текстилната индустрија на Р. Македонија“.

Покажува посебен афинитет кон изучување на странски јазици. Одлично ги познава англискиот и италијанскиот јазик, а тековно го изучува германскиот јазик.

Веднаш по дипломирањето, од ноември 2008 година се ангажира како волонтер на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Редовно учествува на обуки и предавања од областа на менаџментот. Ги посетува предавањата на проф. д-р Исак Адицес од областа на управување со промените, предавањата на светски познатиот проф. д-р Филип Котлер на тема „Маркетинг предизвиците во 21 век“ и на Тим Ринго, врвниот менаџер за човечки ресурси на компанијата IBM. Учествува на семинари од областа на царинското работење, Законот за работни односи и унапредување на сметководствениот систем на претпријатијата во организација на Стопанската комора на Р. Македонија.

***Список на трудови***

***Во списокот на трудови доставува листа на трудови:***

- Елена Николова, „Градење на стратегија на претпријатијата во текстилната индустрија во Р.Македонија“, магистерски труд, ноември 2010, Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

## ПРЕДЛОГ И МИСЛЕЊЕ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на пријавените кандидати, а со оглед на досегашната наставна активност, Комисијата ѝ дава предност на канидатката м-р Елена Николова, која како претходно ангажиран волонтер за асистент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип покажа активен и стручен придонес во областа на економијата и менаџментот.

Перманентниот интерес за научноистражувачка работа на кандидатката се потврдува со редовно учествува на обуки и предавања од областа на менаџментот. Научноистражувачката работа на кандидатката е континуирана и ја потврдуваат нејзината ориентација за системски пристап кон непосредната и поширокaта област и проблематиката којашто се однесува на предметната област за која кандидатката конкурира.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и волонтерско-асистенска активност на кандидатката, а пред сè постигнатиот успех од **9,84** на додипломски-економски студии и успехот од 10,00 на постдипломските студии по МБА-менаџмент на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Комисијата оценува дека м-р Елена Николова ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факулет да му предложи **м-р Елена Николова да ја избере во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област економски науки и менаџмент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип/**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Трајко Мицески, редовен професор (претседател), с.р.**
**Доц. д-р Маргарита Матлиевска, доцент (член), с.р.**
**Доц. д-р Круме Николовски, доцент (член), с.р.**

**Т А Б Е Л А**
**За вреднување на активностите на м-р Елена Николова, според критериумите дадени во Правилникот за избор на наставни, наставно-научни, наставно- стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Збирка на решени задачи, учебно помагало | | | |
| Интерна скрипта за предавања | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | | | |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/останати | | | |
| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | | | |
| Учество на научен собир со реферат (постер/усно) | | | |
| Студиски престој во странство | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| **Стручно-апликативна (САОР)** | | | |
| Член на факултетски орган, комисија | | | |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | | | 4 |